Архивски број: 04-3537/5

Скопје, 09.04.2024 година

# ЗАПИСНИК

## За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Сл.весник на РСМ" бр.238/19) на ден 09.04.2024 година , со почеток во 13,00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за труд-Скопје, пред Комисијата за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-3537/2 од 08.04.2024 година се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1.Анета Зафироска - ментор на кандидатот

2.Тони Наумовски - советник инспектор

3.Тони Војнески - главен инспектор

4.Игор Вељаноски-претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Зоран Дојчиновски кандидат за инспектор, вработен во Државен инспекторат за труд на кого беше дадена симулација на вонреден инспекциски надзор согласно Закон за инспекциски надзор и Законот за безбедност и здравје при работа.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Сл.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидадот за инспектор Зоран Дојчиновски изврши симулиран инспекциски надзор со

планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Со презентирањето на симулираниот инспекциски редовен надзор од страна на кандидадот Зоран Дојчиновски, Комисијата ги утврди освоените бодови согласно чек листа која е составен дел на овој записник, и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 29 бодови
- Затворање на инспекциски надзор - 29 бодови
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор освои вкупно 88 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:

-Почеток во 13,00 часот на ден 09.04.2024 година.

-Завршување во 16,00 часот на ден 09.04.2024 година.

Комисија за полагање на

Практичниот дел од испитот

1.Анета Зафироска - ментор на кандидатот

2.Тони Наумовски - советник инспектор

3.Тони Којнески - главен инспектор

4.Игор Вељаноски -претставник од Инспекциски совет

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

**Државен инспекторат за труд**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

**Inspektorati shtetëror i punës**

Архивски број: 04-1537/6

09 APR 2024 2024 година, Скопје

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/11,, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 43 став 1, 3 и 11 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор, Директорот на Државниот инспекторат за труд, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор**

1. Со ова решение се формира Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор за кандидатот Зоран Дојчиновски, вработен во Државниот инспекторат за труд.

2. Комисијата од член 1 на ова решение е во состав:

- Анета Зафировска – ментор на кандидатот
- Тони Војнески – главен инспектор
- Тони Наумовски – советник инспектор
- Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

3. Се задолжува комисијата да ги превземе сите дејствија потребни за спроведување на практичниот дел од испитот за инспектор за кандидатот и по спроведениот практичен дел од испитот за инспектор да состави записник за истиот.

4. Испитот ќе се одржи на ден 09.04.2024 година, во просториите на Државниот инспекторат за труд.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Директор

Весна Томовска

Изработил/Одобрил: М. Ѓ.